УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска- претседател на советот, Гордана Илиевска, м-р Снежана Трповска, Газменд Фејзуљи и Рамије Абдурахими Цара - членови на советот, со записничарот Мирјанка Тренчевска – виш судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот ДТУТ „М. Т.“ В. и С. ДОО В., за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Управниот суд У-6.бр.509/2014 од 28.06.2016 година, врз основа на член 47 став 2 од Законот за управните спорови, на седница одржана на ден 21.01.2019 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот ДТУТ „М. Т.“ В. и С. ДОО В., за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Управниот суд У-6.бр.509/2014 од 28.06.2016 година, СЕ ОТФРЛА.

О б р а з л о ж е н и е

Со пресуда на Управниот суд У-6.бр.509/2014 од 28.06.2016 година, одбиена е како неоснована тужбата на тужителот ДТУТ „М. Т.“ В. и С. ДОО В., изјавена против Решението на Министерството за ф. У.бр.16-197/1 од 16.10.2014 година.

Против наведената пресуда тужителот поднел жалба. Вишиот управен суд со пресуда УЖ-3.бр.359/2017 од 30.08.2017 година, жалбата на тужителот ДТУТ „М. Т.“ В. и С. ДОО В., ја одбил како неоснована, а пресудата на Управниот суд У-6.бр.509/2014 од 28.06.2016 година, ја потврдил.

Тужителот на ден 24.09.2018 година, до Управниот суд поднел тужба за повторување на постапката, врз основа на член 43 став 1 точка 1 и 7 и член 45 од Законот за управните спорови, правосилно завршена со пресуда на Управниот суд У-6.бр.509/2014 од 28.06.2016 година во која наведува, дека на ден 29.08.2018 година преку Славјанка Паунова овластен судски преведувач од англиски на македонски јазик при Основен суд Велес, се стекнал со можност да употреби нов доказ, Одлука на надлежната Комисија на Е. з. (ЕУ) С(2007)251-REC 01/06 од 01.02.2007 година која доколку била изнесена или употребена во поранешната постапка, самостојно или во целина со веќе употребените докази, управниот спор би бил поволно решен за него и ја достави до судот со дополнување на тужба за повторување на постапката на ден 25.09.2018 година. Од одлуката видно било, дека надлежната Комисија на Е. з. ги оценила како основани наводите на засегната фирма – увозник од Г. дека

во конкретниот случај постои грешка на страната на царинските органи во смисла на значењето на член 220(2)(б) од Регулативата(ЕЕЗ) бр. 2913/92, која всушност е царинскиот закон на ЕЗ кој се применува од членките на ЕУ, а со кој целосно е усогласен Царинскиот закон на Република М.. Причината поради која тужителот се повикува на одлуката како нов доказ се состои во тоа што, фактичката и правната состојба на работите во тој случај REC 01/06 била идентична со фактичката и правната состојба во предметот на тужителот за кој бара повторување на постапката, а разлика постоело единствено во примената на материјалното право, односно во случајот REC 01/06 одредбите на царинскиот закон биле правилно применети од страна на европските органи, за разлика од случајот за кого бара повторување на постапката, во кој погрешно биле применети одредбите на царинскиот закон од страна на органите и судот во РМ. Ова уште повеќе се потврдувало со самиот факт што царинскиот орган на РМ донел управно решение У.бр.198 од 01.03.2010 година со кое одлучил, дека предметниот надоместок нетребал да го плати при увозот на ТНГ и истиот му го вратил врз основа на кое решение последователно 9 месеци во текот на 2010 година вршел увоз, меѓу кои е и предметниот увоз со царинска декларација С -13178 од 07.07.2010 година, а за кои царинскиот орган немал приговори, ниту забелешки и ги прифаќал сите цариснки декларации поднесени од него.

Тужителот со тужбата предложи на судот, тужбата за повторување на постапката да се уважи, да се повтори постапката по предметот У-6.бр.509/2014, тужбата поднесена против Решението на Министерството за ф. У.бр.16-197/1 од 16.10.2014 година да се уважи, решението да се поништи, постапката за дополнително евидентирање на царинскиот долг по царинската декларација бр. С 13178 од 07.07.2010 година на ЦИ Г. да се запре.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот, а притоа ценејќи ги изнесените наводи во тужбата и дополнението на тужбата најде дека тужбата за повторување на постапката треба да се отфрли.

Согласно член 43 став 1 точка 1 и 7 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република М.“ бр. 62/2006 година и 150/2010), постапката окончана со пресуда или со решение ќе се повтори на барање на странката. 1) Ако странката дознае за нови факти, или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои спорот би бил поповолно решен за неа, доколку тие факти, односно докази би биле изнесени или употребени во поранешната постапка, 7) по одлука на Европскиот суд за човекови права.

Согласно член 45 став 1 од истиот закон, по тужбата за повторување на постапката решава судот што ја донел одуката на која се однесува причината за повторувањето. Согласно став 2 од истиот член,

Судот пред кој е завршена постапката одлучува за повторување на постапката во совет составен од петмина судии.

Согласно член 47 став 1 од истиот закон, За тужбата за повторување на постапката судот одлучува на нејавна седница. Согласно став (2) од истиот член, Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, ако утврди дека тужбата ја поднело неовластено лице, или дека тужбата не е навремена или дека странката не го направи веројатно постоењето на законскиот основ за повторување.

Во конкретниот случај од содржината на изнесените наводи во тужбата за повторување на постапката и дополнението на тужбата може да се утврди дека тужителот не го направи веројатно постоењето на законскиот основ за повторување на постапката. Овој суд најде дека постапката окончана со пресуда или со решение ќе се повтори на барање на странката, меѓу другото и ако странката дознае за нови факти, или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои спорот би бил поповолно решен за неа, доколку тие факти, односно докази би биле изнесени или употребени во поранешната постапка или ако постои одлука на Европскиот суд за човекови права, што не е така во конкретниот случај. Ова од причина што, тужителот во тужбата се повикал на постоење на нов доказ, а тоа е одлуката на надлежната Комисија на Е. з. (ЕУ) С(2007)251-REC 01/06 од 01.02.2007 година со која фактичката и правната состојба на работите во тој случај REC 01/06 била идентична со фактичката и правната состојба во предметот на тужителот за кој сега бара повторување на постапката, која одлука не претставува нов доказ, во смисла на член 43 став 1 точка 1 и точка 7 од истиот закон, истата е само Одлука на надлежна Комисија на Е. з., а не и одлука на Европскиот с.. Во врска со тужбениот навод дека во претходната постапка не бил земен во предвид фактот што царинскиот орган на РМ донел управно решение У.бр.198 од 01.03.2010 година со кое одлучувал за тужителот за иста фактичка и правна состојба како и во овој предмет, судот најде дека овој доказ веќе бил изнесен и употребен во поранешната постапка, по кој во пресудата под У-6.бр.509/2014 од 28.06.2016 година судот се произнел.

Имајќи го во предвид горе наведеното, согласно член 47 став 2 од Законот за управните спорови судот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Управниот суд на ден 21.01.2019 година под У-6.бр.524/2018.

Записничар - виш судски соработник
Мирјанка Тренчевска

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.М., банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Решението да се достави на:
- тужителот
- туженият орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

НК/